ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:29-154/6**

**Дата: 10.02.2014**

**ДО**
**ОПШТИНА ТЕТОВО**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансискиот извештај заедно со ревизија на усогласеност на сметката на расходи на буџет на дотации (937) за 2012 година на Општина Тетово.

Во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2009 година беше дадена една препорака, при што е утврдено дека препораката која се однесува за исплатени надоместоци за храна и превоз на вработените не е спроведена и истата состојба се повторува и во 2012 година.

За финансискиот извештај за 2012 година на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на Општина Тетово, како и за усогласеност со законите и прописите изразено е негативно мислење.

На оваа сметка се евидентирани трансферите од Министерството за внатрешни работи по основ на наменски дотации за извршување на расходите за финансирање на територијалната противпожарна единица во делот на платите и надоместоците. Средствата се користат за основни плати и надоместоци и придонеси за социјално осигурување од работодавачите.

На Нацрт извештајот не се доставени забелешки од страна на законскиот застапник на субјектот.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ______________________________
2. ______________________________

______________________________

## 1.Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложениот финансиски извештај на страна 6 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на расходи на буџет на дотации (937) за 2012 година на Општина Тетово, кој се состои од биланс на приходи и расходи и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3 Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на Општина Тетово за 2009 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба и резултатот од финансиските активности на ден 31 декември 2009 година изразено е мислење без резерва, а за усогласеност со закони и прописи негативно мислење.

1.4. Финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Проф. д-р Сади Беџети, Градоначалник на Општина Тетово од 05.04.2009 до 06.04.2013 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај кој што е ослободен од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансискиот извештај од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и

воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Општина Тетово се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансискиот извештај е изготвен, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување, и
- усогласеност во врска со ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансискиот извештај се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај е заснован врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансискиот извештај. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансискиот извештај без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во

околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени процени направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансискиот извештај. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена на 20.12.2013 година кај Општина Тетово од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и раководните лица на субјектот – предмет на ревизија, на 20.12.2013 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 29 -576/8 од 30.12.2013 година.

Со ревизијата на финансискиот извештај за 2012 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Финансиски извештаи

3.1.1. Со извршената ревизија на пресметаните и исплатени плати и надоместоци на вработените во територијалната противпожарна единица на Општина Тетово, ревизијата утврди дека на месечната бруто плата пресметана за секој вработен според бројот на бодови утврдени со решенијата за плата и вредноста на бодот се додава надоместок за храна во износ од 5,6 илјади денари и надоместок за превоз до и од работа во различен износ во зависност од оддалеченоста од работа. По основ надоместоци за храна и превоз за 2012 година исплатени се средства во вкупен износ од 2.010 илјади денари. Исплатата на овие надоместоци не е во согласност со член 3 од Законот за исплата на платите во Република Македонија, каде што е утврдено дека почнувајќи со исплатата на платите за јануари 2009 година, утврденото право на нето плата за декември 2008 година се зголемува и за износот на трошоците поврзани со работа по основ на исхрана за време на работа и превоз до и од работа, односно во Законот не се предвидени посебни надоместоци за храна и превоз, што има за ефект ненаменско и незаконско трошење на средствата како и зголемени расходи.

Ваквата состојба е констатирана и во извештајот од извршената ревизија за 2009 година, но истата не е променета и е присутна и во 2012 година;

**Препорака:**
Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности исплатата на платите на вработените во противпожарната единица да се врши согласно законските прописи.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1.1., финансискиот извештај не го прикажува вистинито и објективно, резултатот од финансиските активности на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на Општина Тетово на ден 31 декември 2012 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1.1.,. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на Општина Тетово, во сите материјални аспекти не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 07.02.2014 година

ОПШТИНА ТЕТОВО

СМЕТКА НА РАСХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (937)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | **3.1.1.** | 12.613 | 12.613 |
| **Вкупно приходи** | | **12.613** | **12.613** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | **3.2.1.** | 12.613 | 12.613 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **12.613** | **12.613** |
| **Вкупно расходи** | | **12.613** | **12.613** |